**Носител на проектот:** Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА
**Медиумски партнер:** ТРД Телевизија Плус ДОО Куманово

# ИНКЛУЗИЈА ПРЕКУ МЕДИУМИ

Главна цел на проектот ,, Инклузија преку медиуми" е да се зголеми учеството на лицата со попреченост во локалната заедница со подобрување на нивните вештини за медиумска писменост преку обуки во инклузивни групи и директно учество во серијал на емисии на различни значајни теми.

Проектот ќе работи во насока на зголемување на видливоста на лицата со попреченост преку збогатување на понудата на медиумски содржини за интересите, можностите, но и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост во општеството. Намалување на стигматизацијата и предрасудите за лицата со попреченост и подигање на јавната свест за нивните можности преку промовирање на инклузивни примери.
Исто така, целта на проектот е јакнење на вештините на лицата со попреченост преку обуки за пристап и разбирање на медиумските содржини, критичка перцепција на информациите пласирани од страна на медиумите, како и вештини за употреба на медиумите како алатка за споделување на идеи и ставови.

***Здружението ИНКЛУЗИВА се залага ,работи и дава придонес во за создавање на услови за инклузивно општество преку активности и проекти со кои ќе се влијае лицата со попреченост и други ранливи групи да имаат еднакви можности за остварување и почитување на нивните човекови права. Здружението е препознатливо на локално, регионално и национално ниво како лидер во застапување и поддршка на лицата со попреченост во остварување на нивните човековите права, вклученост во општеството, недискриминација, економска, социјална, здравствена и правна заштита.***

**Контакт лице од организацијата:** Благица Димитровска **Е-маил:** inkluziva@gmail.com **Тел:** +389 (0)76 279 663

**Контакт лице од медиумот:** Драган Ивановски **Е-маил:** info@tvplus.mk **Тел:** +389 (0)78 211 801